Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

ИП1 бр. 29-869
Дата: 24.09.2025 година

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за трговија и услуги АБ-МЕТАЛ ТРЕЈД 2021 ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. Белградска бр. 20 Велес, застапувано од Ане Игнов – управител, со вршење на дејноста-складирање и третман на отпад на ул. АСНОМ бр. 8 Велес. Со Записник бр. 29-869 од 18.09.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 117 став 1 точка 33 и 58 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РСМ бр. 216/21) донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ЗАБРАНУВА** на Друштвото за трговија и услуги АБ-МЕТАЛ ТРЕЈД 2021 ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. Белградска бр. 20 Велес:

   - Да врши прием на отпад со шифра 20 01 36 - отфрлена електрична и електронска опрема, во границите на објектот за складирање и третман на отпад лоциран на ул. АСНОМ бр. 8 Велес.

   Рок: веднаш со денот на приемот на решението.

2. **СЕ НАРЕДУВА** на Друштвото за трговија и услуги АБ-МЕТАЛ ТРЕЈД 2021 ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. Белградска бр. 20 Велес:

   - Да обезбеди паркинг/посебен простор за возилата со кои се врши транспорт на отпад во склоп на самата локација,

   - Да изготви Програма за работата на инсталацијата,

   - Да ја исчисти локацијата од расфрлан отпад, отпадот да го сортира/складира по видови, со означување на местата за соодветен вид на отпад.

   Рок: 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението.

3. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштвото за трговија и услуги АБ-МЕТАЛ ТРЕЈД 2021 ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. Белградска бр. 20 Велес, во објект за складирање и третман на отпад, на локацијата ул. АСНОМ бр. 8 Велес.

Надзорот се изврши за да се утврди дали се исполнуваат условите од Дозволата за складирање и третман на отпад со УП1-11/2-356/2022 од 08.03.2022г. издадена од Управата за животна средина во Министерството за животна средина и просторно планирање. При надзорот беа присутин Ане Игнов-управител и Надица Игнова-вработено лице за административни работи.

За утврдената фактичка состојба се изготви Записник за констатација со бр. 29-869 од 18.09.2025 година.

Дозволата складирање и третман на отпад со УП1-11/2-356/2022 од 08.03.2022г. утврдува дека субјектот е овластен за вршење на операции на физички и механички третман на неопасен и опасен отпад, по шифри наведени од Листата на видови отпад (Службен весник на РМ бр.100/05).

На локацијата за складирање и третман се наоѓа и отпад од електрична опрема (фрижидери, шпорети, бојлери, машини за перење и сл.), но субјектот на надзор во дозволата не е овластен да прима ваков вид на отпад, односно во дозволата нема шифра 20 01 36 – отфрлена електрична и електронска опрема неспомната во 20 01 21, 20 01 22, 20 01 35.

При надзорот се констатира дека во границите на локацијата е складиран отпад кој не е дозволен согласно Дозволата за складирање и третман, а електричната опрема се откупува како целина, се евидентира како отпаден метал и од истата се врши раздвојување на компоненти на локацијата (кабли, мотори, пластика и сл.).

При надзорот се констатира дека субјектот на надзор не ги исполнува и следните услови од Дозволата за складирање и третман со отпад:

- Нема обезбедено паркинг/посебен простор за возилата со кои се врши транспорт на отпад во склоп на самата локација, односно локацијата која е предвидена за паркинг е исполнета со отпад, заедно со паркираните возила. Влезот на инсталацијата не е слободен, односно има паркирано возило

пред влезот со што се попречува слободниот пристап кон истата.

[redacted]

Глава III. Податоци и инфраструктура на локација, точка в. од Дозволата утврдува дека субјектот е потребно да обезбеди посебен простор за возилата со кои се врши транспорт на отпад во склоп на самата локација;

- Нема Програма за работата на инсталацијата.

Глава V. Работа на инсталацијата, точка а. од Дозволата утврдува дека: Во Програмата за работа на инсталацијата за складирање и третман на отпадот, треба да го има внесено начинот и постапката за прием на отпадот на локацијата, начинот и постапката за обезбедување на видео надорот, начинот на селектирање на различни видови на отпад, водење на евиденција за отпадот и лице одговорно за прием на отпадот во локацијата

- Локацијата не е средена, има големи количини на комунален отпад (искинати јутени и пластични вреќи), има расфрлени лименки, расфрлани/растурени остатоци од отпад, нема одредени и означени места за соодветен вид на отпад

Глава V. Работа на инсталацијата, точка в. од Дозволата утврдува дека: По приемот на отпадот во локацијата, истиот се транспортира до местото означено соодветно за видот на отпадот. Внатрешниот транспорт го вршат работници со средства за транспорт со кои се спречува, а доколку е возможно, максимално се намалува ризикот од растурање, излевање и прелевање на отпадот.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 116, став 1, точка 35, и врз основа на член 117 став 1 точка 33 и точка 58 од Законот за управување со отпадот, Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен прекршочен орган.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.
Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса и се поднесува во два примероци.

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

[redacted]

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 29-869, на ден 24.09.2025г.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор


Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243